YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

8-9

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

YU ISSN 0350-6452

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Списанието се печати со средства на Републичката заедница на културата и Друштвото на историчарите на уметноста на СРМ

Печати Граф. завод „Гоце Делчев“, Скопје, Тираж 1 000 примероци

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Год. VI Бр. 8—9, 1981—1982
СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА ОД СРМ, СКОПЈЕ

L'ART PLASTIQUES
Ann. VI № 8—9, 1981—1982
REVUE DE LA SOCIETÉ DES HISTORIENS DE L'ART DE LA REPUBLIQUES SOCIALISTE MACEDOINE, SKOPJE

Редакциски одбор:
Проф. Димче Коцо, академик
Д-р Константин Петров
Д-р Петар Миљковиќ-Пепек
Д-р Борис Петковски
Д-р Антоние Николовски
Д-р Коста Балабанов
Љубица Дамјановска
Загорка Расолкоска—Николовска
Трајан Витларски

Comitéde la redaction
Prof. Dimče Kotzo, academique
D-r Konstantin Petrov
D-r Petar Miljković-Pepek
D-r Boris Petkovski
D-r Antonie Nikolovski
D-r Kosta Balabanov
Ljubica Damjanovska
Zagorka Rasolkoska—Nikolovska
Trajan Vitlarski

Одговорен уредник
Д-р Антоние Николовски

Секретар
Загорка Расолкоска—Николовска

Технички уредник
Трајан Витларски

Јазична редакција
Евтим Манев

Графичко решение
Спиро Ристиќ

Redacteur en chef
D-r Antonie Nikolovski

Secrétaire
Zagorka Rasolkoska—Nikolovska

Rédacteur technique
Traian Vitlarski

Lecture
Evtim Manev

La solution graphique
Spiro Ristić

Адреса: СОЗТ Музеи на Македонија, Скопје
Adresse: SOZT Musée de la Macedoine, Skopje

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА СРМ — СКОПЈЕ

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

## 8–9

(1981–1982)

*ОВОЈ ДВОБРОЈ Е ПОСВЕТЕН НА 40-ГОДИШНИНАТА НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕВОЛУЦИЈА*

СКОПЈЕ — SKOPJE
1983.

## СОДРЖИНА — SOMMAIRE

Стр.
Pag.

*Студии и расправи*
*Etudes*

*Борис Петковски,* Македонското монументално сликарство на теми од НОВ и Револуцијата 7
*Boris Petkovski,* La peinture monumentale macedonienne avec des themes de la guerre de liberation nationale et de la revolution — — — — 7

*Љубица Дамјановска,* Одразот на Револуцијата во македонското графичко творештво — — — — — — — — — — — — — — — — — 47
*Ljubica Damjanovska,* Le reflet de la revolution dans la creation graphique macedonienne — — — — — — — — — — — — — — — 47

*Владимир Величковски,* Револуционерната тематика во македонската скулптура — — — — — — — — — — — — — — — — — 53
*Vladimir Veličkovski,* La theme revolutionnaire dans la sculpture macedoine 53

*Константин Петров,* Кон прашањето за авторското сигнирање во средновековната уметност — — — — — — — — — — — — — — — 59
*Konstantin Petrov,* De la question de lídentification d'auteur dans l'art du moyen age — — — — — — — — — — — — — — — — — 59

*Цветан Грозданов,* Култот на цар Самоил кон Ахил Лариски и неговиот одраз во ликовната уметност — — — — — — — — — — 71
*Cvetan Grozdanov,* Le culte du tzar Samoil pour Achille de Larice et son reflet dans la creation artistique — — — — — — — — — — — 71

*П. Миљковиќ-Пепек,* Црквата Св. Ѓорѓија во с. Речица — — — — — 85
*P. Miljković—Pepek,* L'eglise Saint Georges du village de Retchitza — — 85

*Загорка Расолкоска—Николовска,* Портретот на Климент Охридски од Матка — — — — — — — — — — — — — — — — — — 105
*Zagorka Rasolkoska—Nikolovska,* Le portrait de Clement d'Ohrid de Matka 105

*Трајан Витларски,* Гробјанската црква Св. Петка во с. Младо Нагоричино 111
*Trajan Vitlarski,* L'eglise „St. Parasceve" du village de Mlado Nagoritchino 111

*Критички осврти*
*Aperçus critiques*

*Златко Теодосиевски, Томо Владимирски* — — — — — — — — — — 127
*Zlatko Teodosievski, Tomo Vladimirski* — — — — — — — — — — — 127

*Богдан Мусовиќ,* Ликовна колонија како производ и како потреба на нашето време — — — — — — — — — — — — — — — — 131
*Bogdan Moussovitch,* La colonie des artistes comme production et besoin de notre temps — — — — — — — — — — — — — — — 131

*Критики и прикази*
*Comptes rendus*

*Викторија Васева—Димеска,* По повод наградата „Нерешки мајстори" за сликарство и скулптура на 36, изложба на ДЛУМ — — — — — — 135
*Victorija Vasseva—Dimeska,* A l'occasion de la prix „Maitres de Nerezi" — 135

*Антоние Николовски, Борис Петковски:* Современото Македонско сликарство — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 139
*Antonie Nikolovski, Boris Petkovski:* La peinture macedonienne contemporaine — — — — — — — — — — — — — — — — — — 139

*Јасминка Чокревска Филип,* Ernst Kitzinger „Byzantine art in the making-main lines of stylistic development in Mediterranean art 3—7 th centry.", London, 1977 — — — — — — — — — — — — — — — 143
*(Jasminka Çokrevska Filip)* Ernst Kitzinger „Byzantine art in the making-main lines of stylistic development in Mediterranean art 3—7 th century.", London, 1977 — — — — — — — — — — — — — — — 143

*Јасминка Чокревска Филип, В. Н. Лазарев,* „Московская школа иконописи" — — — — — — — — — — — — — — — — — — 147
*Jasminka Čokrevska Filip, V. N. Lazarev,* „Московская школа иконописи" 147

*Хроники*

*Соња Панчевска,* Хронологија на настани од областа на македонската современа ликовна и применета уметност јануари—декември 1981 151
*Sonia Pančevska,* Chronologie des évènements de la domain de l'art plastique macedonienne-contemporaine et appliquée, janvier-décembre 1981 151

*АНТОНИЕ НИКОЛОВСКИ*

## Борис Петковски: СОВРЕМЕНО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО („Македонска ревија", Скопје, 1981)

Борис Петковски, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, несомнено е еден од нашите најдобри познавачи на современото македонско сликарство и еден од најавторитетните толкувачи на ликовните појави и суштествените особености во развојот на современата македонска уметност. Многубројните критички написи и рецензии за ликовни изложби; одделни студии за творештвото на истакнати наши ликовни уметници, прегледи, монографски текстови објавени во разни весници, каталози и други публикации, му овозможуваат на авторот најмериторно да го следи развојниот процес на современото македонско сликарство. Еден избран број негови трудови, засновани врз студиозен пристап, се објавени во книгата „Откривања" во 1977 година.

Најновата книга на д-р Борис Петковски, „Македонско современо сликарство", објавена во издание на „Македонска ревија" од Скопје во 1981 година, се јавува како резултат од долгогодишни истражувања и истрајни проучувања на оделни периоди, правци, личности и влијанија, како и од сите оние ликовно-естетски компоненти релевантни за трендот на македонската уметност.

Книгата содржи 79 страници кои се поделени на: увод, 3 глави, 2 подглавја и 9 поднаслови, заклучок и забелешки. Текстот го опфаќа периодот од 1918 до 1977, односно 1980 година. Текстот е дополнет со кратки биографски податоци за авторите-сликари, основна билиографија за нивното творештво и каталог на творби и репродукции: 41 во колор и 62 во црно-бела техника.

Во првата глава, што го опфаќа предвоениот период (1918—1941), авторот се осврнува на почетоците на профаното сликарство во Македонија (до 1918) и неговите претставници, ја разгледува појавата — раѓањето на македонската модерна уметност, уметничките прилики во Македонија и уделот на основоположниците на македонската модерна.

На периодот од војната и НОВ (1941—1944) Борис Петковски се осврнува накусо, додека значителен простор му посветува на развојот на уметноста од повоениот период (1945—1977). Под посебни

заглавја авторот ги осветлува ликовните прилики до 1960 година, давајќи притоа нагласка врз појавата на екстремните влијанија од седмата деценија, како логична трага на пројавените тенденции од педесеттите години.

Основниот дел од текстот претставува мошне осмислен синтетички преглед на современото македонско сликарство, низ кој може да се следи континуитетот на ликовната уметност од осумдесеттите години на минатиот век до денес. Авторот укажува на најважните, клучни мигови во развојот на современото македонско сликарство, како за меѓувоениот така и за повоениот период, истакнувајќи дека тоа секогаш се развивало напоредно со прогресивните идејни и ликовни стремежи на современата ликовна мисла во земјата; го открива неговото место во општите ликовни текови и дострели во рамките на југословенската уметност и пошироко. Во оваа смисла книгата „Современо македонско сликарство" од Борис Петковски е прво издание од ваков вид кај нас и претставува значаен прилог во историографијата на современата македонска уметност.

Карактерот на текстот, ограничениот обем на материјалот, настојувањето на авторот, оваа книга пишувана на достапен начин, за да задоволи една дамнешна потреба, како што тоа и самиот го исткнува, сето тоа подразбира и своевиден начин во претставувањето хронологијата на македонското сликарство. Меѓутоа, очигледна е констатацијата дека и, вака сфатен и наметнат преглед на ликовната материја, во основа се темели врз научна интерпретација, поткрепувана со стручни и научни сознанија искажани во современата историографија во нашата земја.

Во методолошкиот пристап, во објаснувањето на оваа мошне сложена материја, изложена со мера за концизност, авторот укажува на општите општествено-политички културни прилики и историските специфичности како неопходен предуслов за развојот на уметноста во Македонија. Во контекстот на вака конципираниот историски преглед авторот настојува кон издиференцирана периодизација на развојот на современото македонско сликарство со јасно издвоени специфики на тој развој.

Во разгледувањето на хронолошкиот ред во развојот на современото македонско сликарство, што зафаќа период од 1918 до 1977 година, авторот значително повеќе простор одделува за времето од 1945 до 1977 г. исполнето со мошне динамичен процес. Тој нè запознава со објективните претпоставки како битен предуслов за силниот подем што го доби македонската култура во целина, а респективно и ликовната уметност: се формира Училиште за применета уметност, Друштво на ликовни уметници, се школуваат првите генерации на академиите за ликовна и применета уметност, се одвива организиран и динамичен ликовен живот. Борис Петковски се осврнува врз состојбите на ликовната уметност во првите повоени години, за отстапувањата од западноевропската традиција и сообразување на уметниците од предвоениот период кон нови барања на уметноста во рамките на естетиката на социјалистичкиот реализам и неговото постепено напуштање, почнувајќи од 1948 година.

Во контекстот на општите текови на уметноста во нашата земја, почнувајќи од 1950 и 1951 година, и особено со враќањето на младите уметници од академиите (Белград, Загреб, Љубљана), се јавуваат нови тенденции во ликовната уметност како предизвик на коренити измени што ќе настанат во наредниот период. Во прилог на позитивната насока на уметноста, Борис Петковски ги наведува неколкуте странски изложби што гостуваат во Скопје и поволната клима што се создава во нашата земја, ги наведува новите настојувања — експресионизмот, надреализмот, кубизмот, стилизацијата, геометризацијата на облиците, дводимензионалноста итн. во ликовниот израз, а кон крајот на шестата деценија и апстрактните тенденции. Затоа авторот со право на вистински пресврт во современата ликовна уметност и нејзино творечко созревање — раѓањето на нешто ново, го смета периодот од седмата деценија (1961—1970), кој се јавува како логична последица од пројавените тенденции од претходната деценија. Дејствувањето на групата „Мугри" и други, настапувањето на нова генерација уметници доведува до прифаќање на екстремни видови во уметноста, што се значајни за развојот и афирмација на современото македонско сликарство, како и за појавата на нова фигурација. Авторот, во рамките на новите ликовни идеи, укажува и за создавање нов однос на нашите ликовни уметници кон нашето минато и традиција, ја истакнува заслугата на оној број уметници, образувани во нашата земја, кои се заслужни за подинамично вклучување на македонските ликовни уметници во југословенски и интернационални текови. Македонските уметници, правилно забележува Борис Петковски, како резултат од нивните заложби, „сè повеќе имаат сила да му понудат на светот свој автентичен придонес и допрва ќе ги откриваат своите вистински духовни димензии", надминувајќи ја фазата, според М. Б. Протиќ, на „обидот за творечко достигање на светот".

Книгата „Современо македонско сликарство" бездруго претставува важен издавачки настан од областа на ликовната уметност кај нас и поради фактот што дава значајни информации за развојот на современото македонско сликарство како за потесниот круг специјалисти, така и за поширокиот слој љубители на уметноста. Од друга страна, ние имаме едно репрезентативно издание, вкусно опремено, главно со задоволителен избор на фотографии во колор и црно-бела техника, за што треба да му се оддаде признание на издавачот „Македонска ревија".

